# КОНЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ ЗА ИЗВРШЕНА РЕВИЗИЈА НА ФИНАНСИСКИТЕ ИЗВЕШТАИ И РЕВИЗИЈА НА УСОГЛАСЕНОСТ

01 2022 07 01/2

ГРАД СКОПЈЕ
ЗА 2021 ГОДИНА
СМЕТКА НА ОСНОВЕН БУЏЕТ (637)

Скопје, ноември 2022 година

*Државен завод за ревизија*

СОДРЖИНА:

1. Вовед ........ 1

2. Мислење на ревизијата ........ 2

Мислење за финансиски извештаи ........ 2

Мислење за усогласеност со закони и прописи ........ 2

3. Основ за изразување на мислење ........ 2

3.1. Основ за квалификувано мислење за финансиски извештаи ........ 3

3.2. Основ за квалификувано мислење за усогласеност со закони и прописи . 4

4. Нагласување на прашања ........ 19

5. Законска основа за ревизијата и временски период ........ 22

6. Опфат и ограничувања ........ 23

7. Одговорност на раководството за финансиски извештаи ........ 23

8. Одговорност на ревизорите ........ 23

9. Недостатоци во внатрешна контрола ........ 25

10. Одговор на ревидираниот субјект ........ 26

Финансиски извештаи за 2021 година

Биланс на приходи и расходи ........ 27

Биланс на состојба ........ 28

Преглед на промени на капиталот ........ 29

Прилози

Прилог бр. 1 Сметководствени политики и образложенија кон финансиските извештаи

Вовед ........ 30

Сметководствени политики ........ 37

Образложенија кон финансиските извештаи ........ 40

Прилог бр. 2

Консултантски услуги

Прилог бр. 3

Јавни набавки

СПИСОК НА КРАТЕНКИ

| | |
|---|---|
| РСМ | Република Северна Македонија |
| НБРСМ | Народна банка на Република Северна Македонија |
| КИБС | Клириншки интербанкарски систем |
| НВО | Невладини организации |
| ЈП | Јавно претпријатие |
| АКН | Агенција за катастар на недвижности |
| ИЛ | Имотен лист |
| КП | Катастарска парцела |
| ЕДБ | Единствен даночен број |
| ЕМБГ | Единствен матичен број на граѓани |
| ЗЈВФК | Закон за јавна внатрешна финансиска контрола |
| ЗЕЛС | Заедница на единиците на локалната самоуправа |
| МЗШВ | Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство |
| УЈП | Управа за јавни приходи |
| ВРИ | Врховна ревизорска институција |

ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА
ENTI SHTETËROR I REVIZIONIT
STATE AUDIT OFFICE

**Број:** 16-131/26

**Дата:** 22.11.2022

# КОНЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ НА ОВЛАСТЕНИОТ ДРЖАВЕН РЕВИЗОР

## 1. Вовед

Град Скопје, како посебна единица на локалната самоуправа, е основан и неговото подрачје е утврдено со Законот за Град Скопје[1]. Подрачјето на Град Скопје го сочинуваат подрачјата на општините: Аеродром, Бутел, Гази Баба, Ѓорче Петров, Карпош, Кисела Вода, Сарај, Центар, Чаир и Шуто Оризари, основани со Законот за територијална организација на локалната самоуправа во Република Северна Македонија[2].

Градот Скопје, согласно член 10 од Законот, ги врши работите од јавен интерес од локално значење на градот Скопје што се однесуваат на: планирање и уредување на просторот, заштита на животната средина и природата, локален економски развој, комунални дејности, култура, образование, во согласност со закон; спорт социјална и детска заштита, здравствена заштита, противпожарна заштита на подрачјето на градот Скопје, надзор над вршењето на работите од надлежност на градот Скопје.

Град Скопје, во рамките на законот, во согласност со начелото на супсидијарност, има право на своето подрачје да врши работи од јавен интерес од значење за градот, што не се исклучени од негова надлежност или не се во надлежност на органите на државната власт. Определувањето на работите, дефинирањето на нивната содржина, начинот и постапката на нивното вршење се уредуваат со посебни одлуки на Советот.

[1] („Сл. весник на Република Македонија” бр.55/04 и 158/110
[2] („Сл. весник на Република Македонија” бр. 55/04)

## 2. Мислење на ревизијата

Извршивме ревизија на:

- финансиските извештаи на Град Скопје, на сметката на основен буџет (637), за 2021 година, кои се состојат од Биланс на состојба на ден 31 декември, Биланс на приходите и расходите за годината која завршува со тој датум, Промени на извори на капиталните средства, применетите сметководствени политики и образложенија кон финансиските извештаи.
- усогласеноста на активностите, финансиските трансакции и информации, рефлектирани во финансиските извештаи на Град Скопје за 2021 година на сметката на основен буџет (637).

### Мислење за финансиски извештаи

Според наше мислење, поради значењето на прашањата изнесени во точката 3.1 финансиските извешти не ги прикажуваат вистинито и објективно, во сите материјални аспекти, финансиската состојба на Град Скопје на ден 31 декември 2021 година на сметката на основен буџет (637), како и финансиските активности за годината која завршува со тој датум, во согласност со важечката законска регулатива.

### Мислење за усогласеност со закони и прописи

Според наше мислење, поради значењето на прашањата изнесени во точките од 3.2.1 до 3.2.13 активностите, финансиските трансакции и информации, рефлектирани во финансиските извештаи на Град Скопје за 2021 година, на сметката на основен буџет (637), не се во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

## 3. Основ за изразување на мислење

Ревизијата е извршена во согласност со Ревизорските стандарди на Врховните ревизорски институции (ISSAI) и Етичкиот кодекс. Одговорностите на Државниот завод за ревизија, согласно ISSAI стандардите, се опишани дополнително во делот на Одговорност на ревизорите за ревизијата на финансиски извештаи заедно со ревизија на усогласеност. Веруваме дека ревизорските докази коишто ги имаме прибавено се достатни и соодветни за да обезбедат основа за нашето ревизорско мислење.

## 3.1. Основ за квалификувано мислење за финансиски извештаи

3.1.1. Пописот на средствата и обврските со состојба на ден 31 декември 2021 година не е извршен на начин предвиден со одредбите наведени во член 21 од Законот за сметководството за буџетите и буџетските корисници и член 29 - 35 од Правилникот за сметководството за буџетите и буџетските корисници, од следниве причини:

- од страна на Комисијата за попис, извршен е попис на средствата и обврските со состојба на 31 декември 2021 година, подготвен е извештај, но истиот со решение не е усвоен од градоначалникот;
- со извршениот попис на материјалните средства[3] и ситниот инвентар констатирани се кусоци во вкупен износ од 1.381 илјада денари, без да се утврдат причините, дадат предлози за книжење на кусоците, забелешки и објаснувања од лицата што ракуваат со материјалите и мерките кои што треба да се преземат во насока на утврдување на одговорноста за настанатите кусоци. Ваквото постапување на комисијата не е во согласност со одредбите на член 31-а став 1 точка 6 и член 33 став 2 од Правилникот за сметководството за буџетите и буџетските корисници;
- за побарувањата од вработените во износ од 412 илјади денари по основ на утврдени кусоци на материјалните средства по извештаи за попис од 2017, 2018, и 2020 година, одговорното лице нема донесено одлука за понатамошно постапување, односно на чиј товар ќе биде кусокот, што не е во согласност со одредбите од член 29, член 31-в став 1 точка 1 и член 34 од Правилникот за сметководството за буџетите и буџетските корисници;
- пописот на обврските не е извршен согласно член 31-в став 1, точка 1, 2 и 5 од Правилникот за сметководството за буџетите и буџетските корисници, односно комисијата за попис не го утврдила правниот основ за постоење на обврските, не потврдила дека преземените обврски се уредно, хронолошки, целосно и правилно евидентирани во сметководствената евиденција и не ги утврдила причините за неплатените обврски спрема добавувачите.

Поради нецелосно и неправилно извршениот попис и неприфаќање на истиот од одговорното лице, ревизијата не доби соодветни ревизорски докази за да се увери во реалноста и објективноста на искажаните средства и обврски во Билансот на состојба на ден 31.12.2021 година.

[3] Информатичка опрема, бела техника, мебел, клима уреди, мобилни телефонски апарати, возила и уметнички дела

Препорака:

Градоначалникот да преземе мерки и активности за:

- спроведување на пописот на средствата и обврските на начин регулиран со постојните законски одредби, да се утврдат причините за настанатите кусоци во насока на утврдување на одговорноста и предлози за нивно евидентирање.
- со Решение да го усвои извештајот од пописната комисија, а доколку не е согласен да даде образложение.

## 3.2. Основ за квалификувано мислење за усогласеност со закони и прописи

3.2.1. За активностите на градот, Советот на Град Скопје има донесено Програми од областа на: одржување и реконструкција на сообраќајници, пешачки и велосипедски патеки и јавни рекреативни површини, поддршка на локален економски развој, јавна чистота и управување со отпад, подигање и одржување на зеленило, култура, спорт и образование, детска, социјална и здравствена заштита и заштита на животната средина и природата за 2021 година. За реализација на програмските активности од средствата на буџетот на градот планирани се 1.639.075 илјади денари, а потрошени се 1.268.578 илјади денари, односно 77,4%.

За реализација на наведените програми, не се изготвени извештаи со наративен опис на реализираните активности и финансиски податоци за потрошените средства за секоја поединечна активност.

Ваквата состојба не е во согласност со член 3 од Законот за буџетите кој се однесува на почитување на буџетските цели и начела и ја намалува транспарентноста во трошењето на буџетските средства.

Препорака:

Градоначалникот да преземе мерки и активности, на крајот на годината да се изготвуваат извештаи за реализација на секоја програма со наративни и финансиски податоци за секоја поединечна активност.

3.2.2. Согласно годишната Програма за заштита на животната средина и природата на подрачјето на Град Скопје за 2021 година, во делот субвенционирање на граѓаните за набавка на високоефикасни инвертер клима уреди за затоплување, купување на велосипеди и електрични тротинети и надомест на дел од трошоците за чистење на оџаци, предвидени се средства во износ од 144.000 илјади денари, а исплатени се 106.871 илјада денари, односно 74,2% од планираните.

Средствата за набавка на високоефикасни инвертер клима уреди се одобрени од Буџетот на РСМ за 2019 година, согласно договорот[4] за уредување на односите помеѓу Владата на РСМ - Генерален секретаријат и Град Скопје, односно Анекс[5] на договорот во износ од 322.400 илјади денари, од кои 120.642 илјади денари се пренесени во 2021 година како остаток од неискористените средства од претходната година.

Средствата за субвенционирање на граѓаните за купување на велосипеди и електрични тротинети и надомест на дел од трошоците за чистење на оџаци се обезбедени од Буџетот на Град Скопје за 2021 година, во износ од 23.358 илјади денари.

Условите, начинот и постапката за користење на финансиските средства за субвенционирање на споменатите намени, се утврдуваат со Правилници[6] донесени од градоначалникот, при што ревизијата ги констатира следните состојби:

- софтверските апликации не се во сопственост на Град Скопје, односно истите локациски не се поставени на сервер на Град Скопје. Согласно правилниците за субвенционирање и јавните повици, граѓаните ги пополнуваат и поднесуваат преку: платформата за онлајн аплицирање објавена на интернет страната на Град Скопје (www.skopje.gov.mk), како и директно на линк https://aplikacii.skopjelab.mk кој не е поставен на серверот на Град Скопје. Ваквото постапување создава ризик при интегрирање на податоците да не се почитува принципот прв дојден прв услужен;
- членовите на комисијата кои ја спроведуваат постапката вршат обработка на податоци што се сервирани од економскиот оператор, без целосна контрола на личните податоци на граѓаните кои аплицирале со што се

[4] Договор со бр. 08-12089/1 од 25.12.2019 година, согласно Одлуката на Влада на Република Северна Македонија, бр. 45-10399/1 од 24.12.2019 година

[5] Анекс на Договорот со бр. 08-12089/3 од 20.04.2021 година, согласно Одлуката за изменување на Одлуката за одобрување на средства од Буџетот на РСМ за 2019 година, бр. 40-4294/2 од 06.04.2021 година

[6] Бр. 08-3310/1 од 16.04.2021 година - Правилник за користење на финансиски средства од буџетот на Град Скопје за субвенционирање на граѓаните од подрачјето на Град Скопје за купување на велосипеди за 2021 година;

- бр. 08-3311/1 од 16.04.2021 година - Правилник за користење на финансиски средства од буџетот на Град Скопје за субвенционирање на граѓаните од подрачјето на Град Скопје за купување на електрични тротинети за 2021 година;

- бр. 08-3352/1 од 19.04.2021 година - Правилник за користење на финансиски средства од буџетот на град Скопје за субвенционирање на домаќинствата и други субјекти на подрачјето на Град Скопје за надоместување на дел од трошоците за чистење на оџаци и

- бр. 08-3390/1 од 20.04.2021 година - Правилник за субвенционирање на граѓаните за набавка на високоефикасни инвертер клима уреди за затоплување за 2021 година

доведува во прашање безбедноста и заштитата на личните податоци на граѓаните предвидени со одредбите на членовите 5 и 6 од Закон за заштита на личните податоци и членовите 6 и 7 од Правилникот за безбедност на обработката на личните податоци;

- Град Скопје ја нема испочитувано обврската од член 3 од договорот, односно нема подготвено и доставено извештај за искористеноста на средствата наменети за субвенционирање на граѓаните за набавка на високоефикасни инвертер клима уреди за затоплување, до Владата на РСМ во рок од 15 дена по завршување на активностите;

Вака воспоставениот начин за користење на средствата наменети за субвенционирање на граѓаните не обезбедува подеднакви услови за сите заинтересирани страни, не го запазува буџетското начело за транспарентност и создава ризик од субјективизам при доделување на средствата.

Во текот на 2022 година, секторот за информатичка технологија на Град Скопје има изработено своја сопствена апликација која се користи при субвенционирање на граѓаните и е поставена на сопствениот сервер на Град Скопје.

Препорака:

Градоначалникот на Град Скопје да преземе мерки и активности за навремено изготвување и доставување извештај за искористување на средствата добиени од Буџетот на РСМ, наменети за субвенционирање на граѓаните за набавка на високоефикасни инвертер клима уреди за затоплување.

3.2.3. При реализација на проектите за реконструкција на булеварот „Трета Македонска бригада" и булеварот „Босна и Херцеговина" на потег од булевар „Словенија" до улица „Бутелска", во текот на 2021 година евидентирани се расходи и исплатени средства во износ од 122.796 илјади денари за дислокација на електроенергетски подземни инсталации. Исплатените средства не се вкалкулирани во вредноста на проектот од причина што субјектите (друштвата) надлежни за електроенергетска, водоводна, канализациона, телекумуникациска, топловодна и гасоводна инфраструктура даваат позитивно мислење на изработените основни проекти, без да дадат податоци со пресметка за вредноста во случај на дислокација на мрежните инсталации.

Проектантите при изработка на проектите, од субјектите надлежни за електроенергетска, водоводна, канализациона, телекомуникациска, топловодната и гасоводна инфраструктура, добиваат подлоги за инсталациите и проектот го изработуваат врз добиени подлоги. Согласно член 59-в од Закон за градење, надлежниот орган кој го издава одобрението за градење, поднесува

барање до субјектите надлежни за електроенергетска, водоводна и канализациона, телекомуникациска, топловоднатa и гасоводна инфраструктура да извршат увид на основниот проект и достават мислење дали објектот може да се приклучи на бараната инфраструктурна мрежа. Воспоставена е пракса, субјектите надлежни за инфраструктурната мрежа да дадат позитивно мислење на основниот изведбен проект, без информација со податоци на пресметка во случај на дислокација на инфраструктурната мрежа. Инвеститорот по добивање на одобрението за градење води постапка на јавна набавка за избор на изведувач кој ќе ја изведе градбата. Со воведување во работа и започнување на изведбата се појавуваат овие непредвидени работи што треба да ги изведат субјектите кој се надлежни и имаат ексклузивитет за интервенции во мрежата на инсталации по утврдени цени на нивни правилници.

Наведената состојба на изведување на работите ги зголемуваат капиталните расходи и до 20% над предвидениот буџет по проект, работите на изведба не се предвидуваат во динамичкиот план од страна на инвеститор/изведувач, што влијае и на рокот на завршување на градбата.

Препорака:

Градоначалникот да преземе мерки и активности, во консултација и координација со институциите во фаза на проектирање да се предвидат и средствата за подземните и надземните инсталации во случај на нивна дислокација за да може инвеститорот да се придржува кон финансиската рамка и динамиката на работите.

3.2.4. Со увид во доставената документација (фактури/времени и завршни ситуации, градежната книга и градежниот дневник, завршни извештаи од надзор и фотографии), во однос на реализација на договорите со ЈП „Улици и патишта" Скопје за изградба и реконструкција на улици, патишта и други градежни работи, ги констатиравме следниве недостатоци:

- Врз основа на договори[7] помеѓу Град Скопје и Општина Сарај, јавното претпријатие со Град Скопје има склучено договор во 2020 година[8] и анекс кон договорот во текот на 2021 година за реконструкција на улица 2 Крушопек и договор[9] и анекс кон договорот во 2021 година за

[7] Договор бр. 08-9296/1 од 30.11.2020 година и Договор бр. 08-9309/1 од 30.11.2020 година помеѓу Град Скопје и Општина Сарај
[8] Договор бр. 08-9811/1 од 16.12.20202 за реконструкција улица 2 во Крушопек во Општина Сарај
[9] Договор бр. 08-9809/1 од 16.12.2020 година за реконструкција на улица во Кондово во Општина Сарај

реконструкција на улица во Кондово. Со налог за работа[10], ден пред склучување на договорот за реконструкција на улица 2 Крушопек и налог за работа[11] за реконструкција на улица во Кондово, јавното претпријатие се воведува во работа да ги изврши работите предвидени со договорите без проектна документација и донесен динамичен план со конкретни активности со кои се утврдени состојбите на терен.

- За извршените градежни работи на 31.12.2020 година доставени се први времени ситуации/фактури[12] во вкупна вредност од 6.969 илјади денари, без градежен дневник, а градежната книга и завршниот извештај од надзор се со ист датум.
- Во 2021 година доставени се завршни ситуации/фактури[13] со вкупна вредност од 3.435 илјади денари, седум месеци подоцна од датумите внесени во градежната книга и завршниот извештај на надзорот.
- На ревизијата не и беше доставена документација за изработен проект за изведена состојба која е наведена во фактурите за улица 2 Крушопек, а за улица во Кондово, после 9 месеци од изведените работи е доставен проект за изведена состојба и заверен од надзорот.

Неизвршените контролни активности над изведените работи од страна на надлежниот сектор, предвидени во член 5 од договорот, како и непочитувањето на одредбите од член 29 став 1 од Законот за градење, за водење градежен дневник и градежна книга при изведувањето на градежните работи кои треба да се во согласност со одобрението за градење, ревидираниот основен и изведбениот проект, укажува на неправилно и неажурно внесување на записите во градежниот дневник и градежната книга во текот на извршувањето на градежните работи како основа за изготвување на времената ситуација и да дадат уверување во веродостојноста и квалитетот на градбата, согласно проектите и стандардите за градење.

Препорака:

Градоначалникот да преземе мерки и активности во насока на обезбедување на комплетна документација за извршените градежни работи, што треба да биде составен дел на секој проект, а врз основа на кои ќе се признаваат и евидентираат расходите.

[10] Налог за работа бр. 13СЛ од 15.12.2020 година за Крушопек
[11] Налог за работа бр. 13СЛ од 16.12.2020 година за Кондово
[12] Ф-ра бр. 05-129-40269 од 31.12.2020 година на износ од 2.888.354 денари и ф-ра бр. 05-129-40263 од 31.12.2020 година на износ од 4.080.405 денари
[13] Ф-ра бр. 05-078-40161 од 29.07.2021 година на износ од 2.418.090 денари и ф-ра бр. 05-4078-40160 од 29.07.2021 година на износ од 1.017.108 денари

3.2.5. По спроведени постапки и склучен договор во 2020 година[14] и договор во 2021 година[15] со приватни агенции за вработување, во текот на 2021 година исплатени се средства во вкупен износ од 25.549 илјади денари за 114 привремено ангажирани лица. Лицата се ангажирани за вршење на редовни работни задачи предвидени со Правилникот за систематизација на работните места, а 37 од нив, биле ангажирани континуирано за период подолг од две години.

Ваквиот начин на ангажирање на лица, не е во согласност со член 24 од Законот за приватните агенции за вработување, кој предвидува во кои случаи, агенцијата може да отстапи работник за вршење на привремени работи и да склучи договор, но не подолго од две години, со или без прекин, што укажува на намалена транспарентност при вработувањето, субјективност во изборот на лица и повластена положба во постапката на нивно ангажирање, како и непостојаност на кадарот кој треба да ги извршува редовните работни задачи на градот.

По спроведените постапки за вработување во 2021 година, во Град Скопје на неопределено работно време вработени се 23 лица од 37-те кои биле ангажирани за период подолг од две години, на работни места предвидени со Правилникот за систематизација на работни места.

Ангажирањето на лица по години е прикажано во графиконот што следи:




**Препорака:**

Градоначалникот да преземе мерки и активности ангажирањето на лица преку приватна агенција за вработување да се врши само во случаите за замена на привремено отсутен работник, привремено зголемен обем на работа, сезонска работа, работа на проекти, неспецифични, неконтинуирани работи и непредвидени краткотрајни активности.

[14] Договор бр. 08-7131/1 од 28.09.2020 година
[15] Договор бр. 08-7714/1 од 16.08.2021 година

3.2.6. Во текот на 2021 година, Град Скопје врз основа на авторски договори, односно договори на дело има исплатено вкупно 5.096 илјади денари, од кои 2.075 илјади денари се однесуваат на консултантски услуги.

Со извршениот увид во доставената документација ревизијата ги констатира следните состојби:

- Дел од авторските договори се склучуваат за ангажмани кои не подразбираат креирање на авторско дело согласно дефиницијата во член 12 од Законот за авторското право и сродните права, ниту пак за вршење на активности во насока на креирање на авторско дело, туку истите упатуваат на преземање на конкретизирани и повторливи дејствија, како што се: консултантски услуги, евиденција на податоци, ангажирање на стручни соработници и друго.
- Ангажирани се 11 лица за консултантски услуги (прикажани во Прилог бр. 2), кои во најголем дел се однесуваат и се поврзани со работни задачи за редовно систематизирани работни места, (консултантски услуги поврзани со културата, социјалните работи, јавните набавки, комуникација со медиуми, односи со јавноста, меѓународни односи со збратимени градови, процеси и програми поврзани со средно образование, реформа на јавна администрација и друго).
- За изборот на овие лица не постојат пишани критериуми како во поглед на потребата од нивно ангажирање, така и во поглед на стручните квалификации и компетенции кои би требало да ги поседуваат, не постојат критериуми во утврдување на висината на надоместоците за извршената работа и истите се движат од 12 до 50 илјади денари месечно.

Ваквиот начин на постапување не е во согласност со член 252 од Законот за работните односи, согласно кој работодавачот може да склучи договор поради вршење на работи кои се надвор од дејноста на работодавачот, а кои имаат за предмет самостојна изработка или поправка на определени предмети, самостојно извршување на определена физичка или интелектуална работа и член 619 од Законот за облигационите односи, што доведува до субјективен пристап при одлучувањето за потреба од ангажирање на лицата и предизвикува можност од нерационално и неекономично користење на буџетските средства.

Препорака:

Градоначалникот да преземе мерки и активности за пропишување на политики за потребата од ангажирање на лица врз основа на договор на дело, утврдување на критериуми за определување на висината на надоместокот и

спроведување на соодветна постапка за јавна набавка доколку постои реална потреба од обезбедување на консултантски услуги.

3.2.7. Во 2021 година, од Програмата за работа на Советот на Град Скопје, по основ на надоместоци за членовите на Комисијата за односи помеѓу заедниците и Советот за заштита на потрошувачите на Град Скопје исплатени се 358 илјади денари. Иако Советот има донесено Одлуки[16], ваквата исплата не е во согласност со членовите 45, 55 и 56 од Законот за локална самоуправа, член 29-а до 29-г од Законот за плата и други надоместоци на избрани и именувани лица на РСМ, член 126 од Законот за заштита на потрошувачите и членовите од 36 до 44 на Статутот на Град Скопје во кои не се предвидени надоместоци за учество во работата на комисии и постојани работни тела на Советот на Град Скопје.

Ваквата состојба е констатирана и со конечниот извештај за извршена ревизија на финансиските извештаи и ревизија на усогласеност за 2014 година, но до денот на ревизијата не се преземени мерки за постапување по дадената препорака, што има за ефект неоснована исплата на буџетски средства за надоместоци на членови на посебните тела формирани од советот.

Препорака:
Градоначалникот да преземе мерки и активности за преиспитување на законскиот основ на исплатените надоместоци, врз основа на што Советот на Град Скопје ќе донесе одлука за престанок на важност на донесените решенија за исплата на месечни надоместоци за членовите на посебните тела.

3.2.8. Во текот на 2021 година, Град Скопје за комуникација со јавноста и претставување на своите активности преку комерцијални медиуми има исплатено вкупно 7.230 илјади денари, од кои:

– За копродукциски услуги поврзани со работењето на градот, односно услуги за радио и телевизиско емитување исплатени се 2.464 илјади денари. Ваквиот начин на постапување не е во согласност со членот 102 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги кој предвидува државните органи, органите на државната управа, јавните претпријатија, единиците на локалната самоуправа, јавните установи и институции како и правните лица со јавни овластувања и трговските друштва во целосна државна сопственост не смеат да предвидуваат средства за информирање и

[16] Одлука за утврдување на висината на надоместокот за работата на членовите на Комисијата за односи меѓу заедниците (бр.07-3377/1 од 10.09.2009 година) и Одлука за утврдување на висината на надоместокот за работа на членовите во Советот за заштита на потрошувачите на Град Скопје (бр. 07-3900/1 од 15.09.2011 година)

запознавање на јавноста со свои услуги или активности преку приватни радиодифузери.

- За промоција на кампањи за активностите на градот преку електронски медиуми, билборди, автобуси, мегалајти, постери и флаери, дистрибуција на вести и медиумско покривање на интернет портали исплатени се 4.766 илјади денари. Воспоставениот начин на финансирање на промотивни содржини не е во согласност со укажувањето[17] од Владата на РСМ за имплементација на мерките од Планот за итни реформски приоритети „3-6-9“, според кое на ЕЛС децидно им се препорачува да не емитуваат/рекламираат кампањи/спотови на платен простор во електронски комерцијални радиодифузери – телевизии и радија, дневни и неделни весници, билборди, интернет портали и сл. (со исклучок на социјалните медиуми).

Непочитувањето на законските одредби во однос на начинот на кој општината ја информира јавноста за своето работење, создава ризик од неекономично трошење на буџетските средства.

Препорака:
Градоначалникот да преземе мерки и активности, процесот на информирање на јавноста и транспарентност и отчетност за работењето на општината да го врши на начин согласно законските одредби.

3.2.9. По основ на медиумско покривање, подготовка и имплементација на промоција на кампањи за посебни проекти за активностите на Градот Скопје и учество на лица во проекти, од месец август до октомври 2021 година, период на изборен процес на локалните избори 2021 година[18], исплатени се средства во вкупен износ од 1.851 илјада денари.

Со увид на документацијата во периодот на спроведувањето на изборниот процес во однос на користењето на буџетските средства, ревизијата го констатира следното:

- Град Скопје на 7 септември 2021 година, склучил авторски договори со 3 лица, за што се исплатени вкупно 207 илјади денари. Договорите се однесуваат за учество на лицата во проект за изработка на електронски и

[17] Содржано во заклучокот од 24-тата седница одржана на ден 22.08.2017 година
[18] На 6 август 2021 година со Решение (бр. 09-3732/1) од Претседателот на Собранието на РСМ се распишани Локалните избори 2021 година и по завршувањето на двата круга од изборниот процес, со Заклучок (бр. 08-3062/4) на ДИК, на 3 ноември 2021 година, објавени се конечните резултати од спроведеното гласање

просторен регистар на улици, плоштади, мостови и др. инфраструктурни објекти и нумерирање на објекти наменети за живеење и работа на подрачјето на Општина Ѓорче Петров. Ваквиот начин на постапување не е во согласност со одредбите на членот 8-а став 1 алинеја 2 и 3 од Изборниот законик и членовите 34 и 35 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси.

- За медиумско покривање поврзано со Градот Скопје и за подготовка и имплементација на промоција на кампањи за посебни проекти за активностите на Градот Скопје, исплатени се средства во висина од 1.644 илјади денари. Иако за овие активности постојат склучени договори во период пред распишувањето на локалните избори, нивната реализација во време на изборниот процес не е во согласност со одредбите на членот 84-а од Изборниот законик, со кој децидно е уредено дека од денот на донесувањето на одлука за распишување на изборите се до денот на завршување на изборите, државните органи и органите на општините и на градот Скопје се задолжени да не објавуваат реклами финансирани од Буџетот на РСМ, односно од буџетите на општините и на градот Скопје.

Непочитувањето на наведените одредби од Изборниот законик и од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси создава ризик од злоупотреба на јавните ресурси во период додека се спроведува изборниот процес.

Препорака:
Градоначалникот и одговорните служби во рамки на администрацијата на Град Скопје доследно да се придржуваат до забраните кои се однесуваат при постапување за време на изборен процес, а имајќи ги во предвид одредбите од Изборниот законик и Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси.

3.2.10. Во текот на 2021 година, Градот Скопје за прекувременото ангажирање на вработените, работење во текот на ноќта и за време на празник има евидентирано и исплатено средства во износ од 20.945 илјади денари.

Со увид во евиденцијата за прекувремена работа, ревизијата утврди дека за секое воведување на прекувремена работа претходно писмено не е известен подрачниот државен инспектор на трудот, што не е во согласност со одредбите на членот 117 став 6, членот 127 став 3 и членот 148 став 3 од Законот за работните односи. Ненавремено известување на Државниот инспекторат за труд за воведување во прекувремената работа на вработените на Град Скопје, ја намалува транспарентноста во ангажирање на вработените за прекувремена

работа, што може да има негативно влијание врз заштита на правата на работниците.

Во текот на 2022 година надминати се горенаведените состојби, односно одговорните лица во Град Скопје редовно го известуваат Државниот инспекторат за труд за вработените кои работат прекувремено, за празник и ноќе, за што ревизијата не дава препорака.

### Јавни набавки

Со цел уверување во усогласеноста на користењето на средствата на градот за 2021 година со Законот за јавни набавки, извршивме ревизија на начинот и постапките за доделување на договори за јавни набавки од аспект на законските барања: обезбедување на конкуренција меѓу економските оператори, еднаков третман и недискриминација на економските оператори, транспарентност и рационално и ефикасно искористување на средствата, како и реализацијата на доделените договори за јавни набавки.

Со ревизијата беа опфатени вкупно 45 постапки за јавни набавки кои имаат реализација во 2021 година, од кои 23 постапки се спроведени во 2021 година, 15 постапки во 2020 година и 7 постапки во 2019 година. Вредноста на склучените договори во ревидираните постапки изнесува 1.085.795 илјади денари без вклучен ДДВ, што опфаќа 28,16% од вкупната вредност на договорите кои имаат реализација во 2021 година, во вкупен износ од 3.855.148 илјади денари без вклучен ДДВ.

Врз основа на утврдените извори за финансирање, договорниот орган донесува план за вкупните потреби за набавки во тековната година по видови на стоки, услуги и работи, со кој го определува почеток на постапката, проценетата вредност на договорот и видот на постапката за доделување на договорот. По потреба, договорниот орган во текот на годината може да го измени или дополни годишниот план за јавни набавки согласно со планираните и обезбедените средства за јавни набавки.

Годишниот план за јавни набавки за 2021 година, во текот на годината бил менуван и дополнуван 13 (тринаесет) пати, односно со првичниот план предвидени биле 215 постапки, а со последната измена и дополна - 257 постапки, што претставува 16,34% зголемување, а спроведени се 46% од предвидените постапки.

Од увидот на приложената документација за спроведените постапки и нивната реализација ги утврдивме следните состојби:

3.2.11. Во согласност со методата на избор на примерок во ревизијата утврдена во МСР 530, со ревизијата беа опфатени постапки за доделување на договори за јавни набавки кои се спроведени во 2021 година и согласно кои се склучени договори во истата година, како и постапки спроведени во претходни периоди, а кои имаат реализација во 2021 година.

При спроведување на постапките за јавни набавки утврдивме непочитување на законските одредби и неправилности кои детално по постапки се прикажани во Прилог бр. 3 од извештајот, а се однесуваат на:

- кај 7 (седум) отворени постапки, во одлуката за јавна набавка, каде што предметот на набавка бил неделив, не се образложени причините зошто договорниот орган не го оформил предметот на набавка во повеќе делови, што не е во согласност со членот 78 став (2) од ЗЈН;
- во 5 (пет) постапки, направена е измена или дополна на тендерската документација, при што крајниот рок за поднесување на понудите не е продолжен пропорционално на направената промена со цел да им се овозможи на сите економски оператори да се запознаат со потребните информации за подготовка на понудите. Ваквиот начин на постапување од страна на договорниот орган, не е во согласност со членот 86 став (3) од ЗЈН;
- во 4 (четири) постапки, во тендерската документација, поточно при барањата за исполнување на условите за квалитативен избор, договорниот орган поставил непропорционални барања кои не се директно поврзани со предметот на јавната набавка. Постапувањето на овој начин доведува до ризик од ограничување на конкуренцијата помеѓу економските партнери, што не е во согласност со членот 99 став (6) од ЗЈН;
- во 1 (една) постапка, комисијата за јавни набавки прифатила од економскиот оператор, кој е и избран за најповолен понудувач, документи за докажување на способност кои се постари од шест месеци од крајниот рок за поднесување понуди, што не е во согласност од член 95 став (6) од ЗЈН;
- во 1 (една) постапка, комисијата за јавни набавки од економскиот оператор, кој подоцна е избран за најповолен понудувач, побарала замена на веќе доставени документи кои биле постари од шест месеци, со што не постапила согласно членот 109 став (2) од ЗЈН и истиот го ставила во поповолна положба спрема останатите понудувачи;
- во 4 (четири) постапки, комисијата за јавни набавки, за субјектот чија способност ја користел економскиот оператор, не побарала дополнување на потребните документи за докажување на условите за утврдување способност кои недостасувале. Притоа, вака доставените понуди, кои биле

некомплетни, се еволуирани и со понудувачите се склучени договори за јавна набавка, што не е во согласност со членот 109 од ЗЈН;

- во 1 (една) отворена постапка, при евалуацијата на понудите комисијата прифатила документи за утврдување способност кои понудувачот дополнително ги доставил и се со датум по јавното отворање, при што потоа истиот е избран и за најповолен понудувач. Ваквиот начин на постапување не е во согласност со член 50 и член 109 став (6) од ЗЈН;
- во дел од записниците од отворањето на понудите и извештаите од спроведените постапки, електронски се потпишани само од претседателот, а без своерачен или дигитален потпис од страна на другите членови на комисијата, онака како што е предвидено во обрасците од Правилникот за формата и содржината на записникот од отворање на понудите, кој е донесен согласно член 108 од ЗЈН и Правилникот за начинот на пополнување, како и формата и содржината на образецот на извештајот од спроведената постапка, донесен согласно член 111 став (5) од ЗЈН.

Препорака:

Градоначалникот да преземе мерки и активности, лицата кои се вклучени во процесот на спроведување на јавните набавки да ги почитуваат законски пропишаните рокови и да спроведуваат соодветни постапки за набавка на добра, услуги или работи, на начин кој ќе обезбеди конкуренција помеѓу економските оператори и рационално користење на буџетските средства.

3.2.12. При реализацијата на договорите од склучените постапки за јавни набавки за работи, ги утврдивме следниве состојби:

- Согласно договорот[19] за „Реконструкција на фасада и кровен покривач на објект ЈУ „Универзална сала“ – Скопје”, носителот на набавката е должен да ги изведе работите кои се предмет на набавката според премер пресметката во рок од 90 календарски дена, сметано од денот на доставениот налог за воведување во работа[20]. Со извршениот увид во доставената документација (налог за воведување во работа, времени ситуации, градежната книга и градежниот дневник) констатиравме дека по истекот на рокот за изведба утврден во договорот изведувачот не ги извел работите предмет на набавка согласно премер пресметката. Од таа причина во текот на 2021 и 2022 година склучени се четири анекс договори[21] со кои рокот на изведување континуирано се продолжувал на

[19] Бр. 08-5398/1 од 04.06.2021 година
[20] Бр. 13-5398/3 од 23.06.2021 година
[21] Анекс 1 бр. 08-5398/12 од 24.09.2021 година, Анекс 2 бр. 08-5398/18 од 06.12.2021 година, Анекс 3 бр. 08-2255/1 од 14.02.2022 година и Анекс 4 бр. 08-2255/2 од 19.05.2022 година

вкупно 440 календарски дена. Ревизијата изврши увид на лице место и констатира дека и покрај продолжените рокови за изведба, до денот на ревизијата објектот не е завршен, односно истиот е реализиран со стапка на остварување од 36%. Повеќекратното продолжување на рокот за извршување на договорот преку измена на договорите, односно од првично утврдените 90 на 440 календарски денови, не е во согласност со членот 119 став (4) точка а) од ЗЈН од причина што со измената се воведуваат услови кои, доколку биле дел од првичната постапката за јавна набавка, би овозможиле учество на други економски оператори освен оние кои првично биле поканети, или прифаќање друга понуда за најповолна наместо онаа што била првично избрана, или би овозможиле учество на дополнителни учесници во постапката за јавна набавка.

- За изградба, одржување и реконструкција на булеварот „Босна и Херцеговина" избраниот надзорен орган потпишал завршна ситуација во која се внесени 2.000 $м^2$ повеќе вградени количини на битуменизиран слој, од количините наведени во градежната книга која е потврдена од истиот надзор. Притоа по овој основ од Буџетот на Град Скопје исплатени се 1.750 илјади денари повеќе. Ваквиот начин на постапување не е во согласност со членот 6 од Правилникот за формата, содржината и начинот на водење на градежен дневник и градежна книга.
- За реализација на проектот „Изградба, реконструкција и одржување на ул. Борис Трајковски од крстосница во населба Пинтија до кружен тек пред мостот на Маркова река, Фаза 2" во 2021 година, надзорниот орган во втората времена ситуација ги има потпишано градежните книги, но со забелешка дека количините ќе се утврдат во завршната ситуација, што не е во согласност со членот 6 од Правилникот за формата, содржината и начинот на водење на градежен дневник и градежна книга.
- Во 2021 година, за реализација на проектот „Реконструкција на булевар Киро Глигоров – Скопје", изведувачот е воведен во работа без одобрение за градба на ден 26.07.2021 година, состојба утврдена во градежниот дневник и потврдена од надзорниот орган, што не е во согласност со членот 2 од Правилникот за формата, содржината и начинот на водење на градежен дневник и градежна книга и членот 10 од склучениот договор помеѓу Град Скопје и правното лице задолжено за надзор над објектите инвестирани од градот.



Универзална сала



Булевар „Киро Глигоров"

Наведените состојби укажуваат на непочитување на договорите за јавни набавки на работи што има влијание врз степенот на реализација на проектите и рационално и ефикасно користење на буџетските средства.

**Препорака:**

Градоначалникот да преземе мерки и активности, при јавните набавки за работи да се почитуваат во целост одредбите од склучените договори на начин кој ќе обезбеди нивна навремена реализација и рационално користење на буџетските средства.

3.2.13. Во текот на 2021 година, без постапка за јавни набавки исплатени се вкупно 2.075 илјади денари за консултантски услуги.

Ваквиот начин на постапување не е во согласност со член 40 став 1 од Законот за јавните набавки и не обезбедува конкуренција меѓу економските оператори, еднаков третман и недискриминација на економските оператори, транспарентност и интегритет во процесот на доделување на јавни набавки, рационално и ефикасно искористување на средствата во постапките за доделување на договори за јавна набавка.

**Препорака:**

Градоначалникот да преземе мерки и активности, при донесување на Годишниот план за јавни набавки да се планираат вкупните потреби за набавки на стоки, услуги и работи согласно реалните потреби и расположливите средства за набавки за тековната година, заради навремено планирање и спроведување на соодветни постапки за јавни набавки.

## 4. Нагласување на прашања

4.1. За изградба на забавен парк (луна парк), набавка на реквизити и нивно монтирање, Советот на Град Скопје донел Програма[22]. Изградбата се врши на градежно земјиште во сопственост на Република Северна Македонија, доделено на трајно користење на Град Скопје со Одлука[23] на Влада на РСМ, заведено во ИЛ број 56491 КО Карпош и ИЛ број 100884 КО Центар 1, согласно ДУП Централен градски парк-блок 3 за урбанистичка парцела 3.1 со површина од 84.040 м$^2$, со намена парковско зеленило-Д1, спорт и рекреација-Д3. Вкупната проценета вредност за изградбата, набавката на реквизитите и нивно монтирање изнесува 400.000 илјади денари, која се обезбедува од Буџетот на Град Скопје за 2016, 2017 и 2018 година, а реализацијата на програмата се одвива фазно во периодот од 2016 до 2018 година. Издадено е Одобрение[24] за изградба на забавен парк, партерно уредување со надворешна инфраструктура со правосилност од 09.01.2017 година. За реализација на изградбата на забавен парк, партерно уредување со надворешна инфраструктура, по спроведена отворена постапка[25] согласно ЗЈН, склучен е договор[26] на износ од 101.417 илјади денари со вклучен ДДВ и носителот на набавката е воведен во работа на 13 март 2017 година. На градежното земјиште, доделено на трајно користење на Град Скопје, со намена да се изгради забавниот парк, постојат бесправно изградени/поставени објекти кои се издаваат под закуп на ноќни клубови-дискотеки, каде закуподавач е друштво основано од ЈП Паркови и зеленило Скопје на кое Советот на Град Скопје му дава овластување да управува со објектите и ги издава под закуп.

За набавка, транспорт и монтажа на 7 реквизити за забавен парк, по оглас[27] за јавна набавка, спроведена е отворена постапка и склучени се договори со два економски оператори, носители на набавката во вкупна вредност од 130.485 илјади денари со пресметан ДДВ, во кои е утврдено, реквизитот кој е предмет на набавка да биде испорачан, монтиран и ставен во употреба во рок од 180 дена сметано од денот на доставување налог за набавка. Со увид во документацијата, ревизијата констатираше:

- изведувачот на градежни работи, воведен е во работа без претходно да биде расчистена градежната парцела и иселени ноќните клубови, што има влијание на изведбата од само 61% од договорот и немање можност за

[22] Бр. 07-9896/1 од 30.11.2015 година
[23] Бр. 41-9283 од 25.12.2012 година
[24] Одобрение за градба УП1 со бр. 47-2356 од 26.12.2016 година
[25] Оглас бр. 101/2016
[26] Договор за изградба на забавен парк бр. 08-3074/17 од 03.08.2016 година, склучен помеѓу Град Скопје, како инвеститор и ДГТ Жикол Струмица како носител на набавката
[27] Оглас бр. 133/2016 од 10.08.2016 година

издавање налог за поставување, монтирање и пуштање во употреба на набавената опрема (реквизити);

- не е извршен квалитативен и квантитативен прием на набавената опрема за која се исплатени средства во износ од 104.389 илјади денари, односно 80% од вредноста на склучените договори;
- еден реквизит е сеуште под надзор на царинската управа бидејќи не е платена царина и увозни давачки, а останатите 6, се во лоша состојба изложени на надворешни влијанија се наоѓаат во магацински простор (отворен и затворен) во два јавни царински складови за кои се плаќа складишнина;
- Советот прифатил донација за идеен проект, студија изградба на нов тематски забавен парк на истата површина и градежна парцела со проценета вредност од 720.000 илјади денари без пресметан ДДВ и набавка на нови 20 реквизити, со реализација по фази во период од 2019 до 2021 година и
- поднесени се тужби, односно поведени судски постапки за раскинување на договорите од страна на добавувачите за набавените 7 реквизити.

Градот Скопје сеуште нема забавен парк, а потрошени се буџетски средства за набавка на опрема за која постои ризик од техничка неисправност истата да биде ставена во употреба, неизвесност по основ на поведени судски постапки, што упатува на недомаќинско работење и занемарен јавен интерес.



Реквизити од Луна парк

4.2. По спроведена отворена постапка[28] за јавна набавка на мрежна инфраструктура и ИП телефонија и во согласност со прифатената понуда на носителот на набавката, склучен е договор[29] со најповолниот понудувач. Набавката на опремата е наменета за деловниот објект Градска куќа, со локациски услови[30] и вкупна вредност од 25.367 илјади денари со вклучен ДДВ. Рокот на испорака е 60 дена по склучување на договорот и даден налог од Секторот за информатички технологии и модернизација. Во месец септември 2019 година е склучен анекс договор[31], со кој се менува местото и рокот на испорака, односно носителот на набавката има обврска целокупната опрема да ја испорача во рок од 30 дена, по даден налог од Секторот за информатички технологии и модернизација на ново утврдена локација. Измените утврдени со Анекс договорот, произлегуваат од Одлуката[32] за продажба на деловниот објект Градска Куќа, за кој се врши набавка на горе спомената опрема. Налог за испорака на целокупната опрема, по електронски пат од надлежниот сектор на Град Скопје до носителот на набавката, е доставен на 17 октомври 2019 година, со место на испорака во магацин[33], со утврдена обврска на секторот дека дополнително ќе испрати налог за целосна реализација на останатите активности по предметот на јавната набавка, односно инсталација, конфигурација, адаптација, обука и пуштање во употреба на ново утврдена локација. По записник[34] за испорака на опрема, приемница за преземена опрема во магацин, доставена е фактура[35] на износ од 25.367 илјади денари и истата е одобрена за исплата од секретарот и градоначалникот на Град Скопје. Средствата се исплатени на носителот на набавката во 2020 година, а опремата е нефункционална за друга намена и стои на залиха во магацин, од причини што отуѓувањето, односно продажбата на деловниот објект Градска куќа е извршена на 18.11.2019 година[36]. Ревизијата смета дека треба да бидат преземени мерки и активности од страна на надлежните во градот за доведување во функционална состојба на опремата како истата технолошки не би застарела.

---

[28] Оглас со бр. 42/2019 од 11.11.2019 година
[29] Договор бр. 08-818/13 од 10.07.2019 година, склучен помеѓу Град Скопје и Македонски телеком АД Скопје
[30] Улица „Лазар Личеновски“ бб Скопје
[31] Анекс Договор со бр. 08-818/14 од 27.09.2019 година
[32] Одлука за продажба на недвижен имот-објект со намена деловен објект на Град Скопје бр. 27-8900/1 од 26.09.2019 година
[33] Улица „Перо Наков” број 110 А
[34] Записник за испорака на опремата бр. 08-417399/8 од 15.11.2019 година
[35] Ф-ра бр. 0093010876 од 19.11.2019 година, архивирана на 26 ноември 2019 година
[36] Договор за купопродажба на недвижен имот ОДУ со бр.1989/2019 година од 18.11.2019 година

4.3. Во мај 2018 година, Град Скопје спровел поедноставена отворена постапка[37] за набавка изработка на CMS официјален портал на Град Скопје со миграција на постоечките податоци и дигитална платформа за интерконекција и управување со веб содржини и со избраниот економски оператор кој бил единствен понудувач склучен е договор[38] со вкупна вредност од 3.998 илјади денари без ДДВ или 4.718 илјади денари со пресметан ДДВ. Со договорот се предвидува носителот на набавката да ја изврши услугата во рок од 4 месеци по давање на налог од страна на договорниот орган, изготвеното решение кое треба да биде целосно во функција предадено на договорниот орган, односно да ги обезбеди поединечните услуги наведени во техничката спецификација. После една година, односно на 23 мај 2019 година доставена е фактура[39] на износ од 4.718 илјади денари, со прилог Протокол[40] за потврда на реализација на договорни активности со Град Скопје. Во завршени активности, носителот на набавката, известува дека проектот е завршен, реализиран, функционален и подготвен за продукција, со што владението врз управувањето со содржините го презема Град Скопје. Наведено е дека порталот и IBM ESB се поставени и се хостира на платформа во Македонски Телеком АД Скопје. Во делот на активности кои треба да се реализираат во гарантниот период се наведени обуки на лица по доставена листа најкасно до 10 јануари 2019 година за управување со предметниот портал и платформа, отстранување на евентуални багови кои не биле детектирани во моментот на потпишување на Протоколот и миграција на податоци постари од 2018 година од стариот портал за период не подолг од 6 месеци.

Имајќи во предвид дека за достапност до одредени содржини се користи стариот веб портал, се доведува во прашање целосната и комплетноста на реализацијата на договорот и функционалноста на новиот веб портал на Град Скопје.

## 5. Законска основа за ревизијата и временски период

Ревизијата на финансиските извештаи заедно со ревизија на усогласеност на овој извештај е извршена согласно член 22 став 1 од Законот за државната ревизија и Годишната програма за работа на Државниот завод за ревизија за 2022 година, согласно член 23 од Законот за државна ревизија.

Оваа ревизија е пилот ревизија извршена во рамките на твининг проектот помеѓу Државниот завод за ревизија и ВРИ на Република Бугарија и Република Хрватска, финансиран од средствата на Европската Унија.

[37] Оглас со бр. 72/2018
[38] Бр. 08-3792/9 од 16.08.2018 година
[39] Ф-ра со бр. 19-360-000066 од 23.05.2019 година
[40] Бр. 0302/24-1/2019 од 23.01.2019 година

Ревизијата е планирана и извршена во периодот од 15.03.2022 до 31.07.2022 година кај Град Скопје од тим на Државниот завод за ревизија.

Од страна на Државниот завод за ревизија извршена е ревизија и издаден е извештај за финансиските извештаи и ревизија на усогласеност на Град Скопје, сметка на основен буџет (637), за 2014 година, во кој е изразено мислење без резерва за вистинитоста и објективноста на финансиските извештаи и мислење со резерва за усогласеност со закони и прописи.

Спроведување на препораките презентирани во Конечниот извештај на овластениот државен ревизор за 2014 година, не беше предмет на оваа ревизија, од причина што од последната ревизија на градот изминат е подолг временски период и настанати се промени во законската регулатива со која е уредено работењето.

## 6. Опфат и ограничувања

Нема ограничувања во поглед на делокругот на ревизијата.

## 7. Одговорност на раководството за финансиски извештаи

Финансиските извештаи се одговорност на градоначалникот на Град Скопје, застапувано од:

- Петре Шилегов, градоначалник на Град Скопје до 07.11.2021 година и
- Данела Арсовска, градоначалник на Град Скопје од 08.11.2021 година.

Оваа одговорност вклучува дизајнирање, имплементација и одржување на внатрешна контрола која што е релевантна за подготвување и објективно презентирање на финансиските извештаи кои што се ослободени од материјално погрешни прикажувања, без разлика дали се резултат на измами или грешки, избор и примена на соодветни сметководствени политики, како и правење на сметководствени проценки кои што се разумни во околностите.

Градоначалникот на општината е исто така одговорен за осигурување дека активностите, финансиските трансакции и информации, рефлектирани во финансиските извештаи се во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

## 8. Одговорност на ревизорите

Цел на ревизијата на финансиските извештаи е да му овозможи на ревизорот да добие разумно уверување за тоа дали финансиските извештаи земени како целина се ослободени од материјално погрешни прикажувања било поради измама или поради грешка, овозможувајќи му на ревизорот да изрази мислење за тоа дали финансиските извештаи се изготвени, во сите материјални аспекти, во согласност со

применливата рамка за финансиско известување и да известува за финансиските извештаи и да комуницира, во согласност со ревизорските наоди.

Цел на ревизијата на усогласеност во врска со ревизијата на финансиските извештаи е ревизорот да добие разумно уверување за тоа дали активностите, финансиските трансакции и информациите рефлектирани во финансиските извештаи се, во сите материјални аспекти, во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики и да ја известува законодавната власт и други соодветни тела за наоди и расудувања.

Разумно уверување е високо ниво на увереност, но тоа не е гаранција дека при извршената ревизија согласно со ISSAI стандардите секогаш ќе бидат откриени сите материјално погрешни прикажувања кога таквите постојат, како и сите грешки и неусогласености со закони и прописи. Погрешните прикажувања може да се резултат на измама или грешка и се сметаат за материјално значајни, ако поединечно или во вкупен износ, можат да влијаат на економските одлуки на корисниците донесени врз основа на овие финансиски извештаи.

Финансиските извештаи кои се предмет на овој извештај се засновани врз завршната сметка составена според применливата рамка за финансиско известување во Република Северна Македонија.

Одговорност на ревизорите е да изразат мислење за финансиските извештаи на Град Скопје, врз основа на извршената ревизија. Оваа одговорност вклучува и изразување мислење за тоа, дали активностите, финансиските трансакции и информации рефлектирани во финансиските извештаи се, во сите материјални аспекти, во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

Оваа одговорност вклучува извршување на постапки за добивање ревизорски доказ за тоа дали приходите и расходите се користени за планираните намени утврдени од страна на законодавецот. Таквите постапки вклучуваат и проценка на ризикот од неусогласеност.

Ревизијата вклучува извршување на постапки за прибавување на достатни соодветни ревизорски докази како поткрепа на нашите заклучоци. Избраните постапки зависат од расудувањето на ревизорот, вклучувајќи ја и проценката на ризикот од материјална неусогласеност, без разлика дали е резултат на измами или грешки.

При процена на ризикот, ревизорот ги разгледува внатрешните контроли релевантни за подготвување и објективно презентирање на финансиските извештаи со цел да се дизајнираат ревизорски постапки кои се соодветни во околностите, но не за целите на изразување на мислење за ефективноста на внатрешните контроли на општината. Ревизијата исто така вклучува оценка на соодветноста на користените сметководствени политики и на разумноста на сметководствени проценки направени од страна на градоначалникот на општината, како и оценка на севкупното презентирање на финансиските извештаи.

Комуницираме со оние кои се одговорни за управувањето во врска со планираниот опфат и временски распоред на ревизијата и значајните наоди во ревизијата, вклучувајќи ги и сите значајни недостатоци во внатрешната контрола што сме ги утврдиле во текот на ревизијата.

Исто така, обезбедуваме изјава за оние кои се одговорни за управувањето дека сме ги почитувале релевантните етички барања во однос на независноста и дека ќе комуницираме со нив за сите релации и други прашања за кои разумно може да се смета дека се поврзани со нашата независност и, каде што е применливо, за соодветни заштитни мерки.

Од прашањата за кои се дискутирало со оние кои се одговорни за управувањето, ги одредуваме прашањата кои биле од најголемо значење во ревизијата на финансиските извештаи за тековниот период и затоа се клучни ревизорски прашања. Ги опишуваме овие прашања во ревизорскиот извештај, освен ако закон или регулатива не го исклучуваат јавното објавување на ова прашање или кога, во исклучително ретки околности, утврдуваме дека за прашањето не треба да се известува во нашиот извештај, бидејќи штетните последици од истото би можеле реално да ги надминат придобивките од јавната корист од таквото објавување.

## 9. Недостатоци во внатрешна контрола

9.1. За воспоставување систем на внатрешна финансиска контрола, градоначалникот има донесено Упатство[41], со кое е регулирано движењето на примената документација од архива до секторите кои треба да извршат квантитативна, квалитативна и финансиска контрола на извршените работи. При набавка на инвестициони работи ревизијата констатира дека секторот за планирање и уредување на просторот не врши квантитативна, квалитативна и финансиска контрола на извршените работи, што не е во согласност со одредбите на глава 2 точка 1 од упатството и на тој начин не се обезбедува доволно ниво на ефикасност и сигурност за да се спречи ризик од неосновани плаќања по основ на одобрена финансиска документација. Имено, секторот за планирање и уредување на просторот на Град Скопје ги одобрува градежните ситуации врз основа на потврда од надзорот за извршени работи, а не врши контрола дали состојбите во градежната книга и градежниот дневник соодветствуваат со оние во времените и завршни ситуации, што создава ризик за ненаменско и незаконско користење на буџетски средства на Градот.

[41] Упатство за мерки и активности за воспоставување на внатрешна финансиска контрола со бр. 08-850/1 од 01.03.2011 година

Препорака:

Секторот за планирање и уредување на просторот, при одобрување на градежните ситуации да врши квантитативна и квалитативна контрола согласно упатството.

## 10. Одговор на ревидираниот субјект

Прашањата кои ги покрива овој нацрт извештај беа дискутирани на завршниот состанок со раководството и одговорните лица на Град Скопје, одржан на ден 05.09.2022 година, за истите дадоа свои коментари, објаснување и начелно ги прифатија истите.

Од страна на законскиот застапник на Град Скопје и одговорното лице во периодот кога е вршена ревизијата не се добиени забелешки на Нацрт извештајот на овластениот државен ревизор.

Град Скопје

Сметка на основен буџет (637)

БИЛАНС НА ПРИХОДИ И РАСХОДИ ЗА 2021 година

во 000 денари

| Опис на позицијата | Образложение | 2021 | 2020 |
|---|---|---|---|
| **Приходи** | | | |
| Трансфери и донации | 3.1. | 3.916.428 | 3.530.912 |
| **Вкупно приходи** | | **3.916.428** | **3.530.912** |
| | | | |
| **Расходи** | | | |
| **Тековни расходи** | 3.2. | | |
| Плати и надоместоци | 3.2.1. | 270.197 | 242.362 |
| Резерви и недефинирани расходи | 3.2.2. | 6.711 | 4.156 |
| Стоки и услуги | 3.2.3. | 987.461 | 895.736 |
| Каматни плаќања | 3.2.4. | 15.676 | 9.845 |
| Субвенции и трансфери | 3.2.5. | 951.303 | 1.226.183 |
| **Вкупно тековни расходи** | | **2.231.348** | **2.378.282** |
| | | | |
| **Капитални расходи** | | | |
| Капитални расходи | 3.3. | 1.539.386 | 988.762 |
| **Вкупно капитални расходи** | | **1.539.386** | **988.762** |
| | | | |
| **Отплата на главнина** | 3.4. | **145.694** | **163.868** |
| | | | |
| **Вкупно расходи** | | **3.916.428** | **3.530.912** |

Град Скопје

Сметка на основен буџет (637)

БИЛАНС НА СОСТОЈБА НА ДЕН 31.ДЕКЕМВРИ

во 000 денари

| Опис на позицијата | Образло-жение | 2021 | 2020 |
|---|---|---|---|
| Актива | | | |
| **Тековни средства** | 4.1. | | |
| кауции | 4.1.1. | 94 | 105 |
| Побарувања од вработените | 4.1.2. | 750 | 909 |
| Побарувања од државата и други институции | 4.1.3. | 521 | 521 |
| Активни временски разграничувања | 4.1.4. | 1.172.251 | 1.074.449 |
| Залихи | 4.1.5. | 7.658 | 7.260 |
| **Вкупно тековни средства** | | **1.181.274** | **1.083.244** |
| **Постојани средства** | 4.2. | | |
| Нематеријални средства | 4.2.1. | 50.459 | 52.752 |
| Материјални добра и природни богатства | 4.2.2. | 3.949.225 | 3.748.377 |
| Материјални средства | 4.2.3. | 7.957.159 | 6.903.939 |
| Материјални средства во подготовка | 4.2.4. | 171.475 | 171.475 |
| **Вкупно постојани средства** | 4.2.5. | **12.128.318** | **10.876.543** |
| **Вкупна актива** | | **13.309.592** | **11.959.787** |
| Пасива | | | |
| **Тековни обврски** | 4.3. | | |
| Краткорочни обврски спрема добавувачи | 4.3.1. | 169.819 | 187.068 |
| Обврски спрема државата и други институции | 4.3.2. | 18.854 | 20.186 |
| Краткорочни обврски за плати и други обврски спрема вработените | 4.3.3. | 20.934 | 18.083 |
| Пасивни временски разграничувања | 4.3.4. | 1.365 | 1.535 |
| **Вкупно тековни обврски** | | **210.972** | **226.872** |
| **Долгорочни обврски** | 4.4. | **962.644** | **849.112** |
| **Извори на средства** | 4.5. | | |
| Извори на капитални средства | 4.5.1. | 12.135.976 | 10.883.803 |
| **Вкупно извори на деловни средства** | | **12.135.976** | **10.883.803** |
| **Вкупна пасива** | | **13.309.592** | **11.959.787** |

Град Скопје

Сметка на основен буџет (637)

## ПРЕГЛЕД
## НА ПРОМЕНИ НА ИЗВОРИ НА КАПИТАЛНИТЕ СРЕДСТВА ЗА 2021 ГОДИНА

во 000 денари

| О П И С | Државен јавен капитал | Останат капитал (залихи на материјали, резервни делови и ситен инвентар и хартии од вредност) | Вкупно |
|---|---|---|---|
| **Состојба 01.01.2021 година** | **10.876.543** | **7.260** | **10.883.803** |
| | | | |
| **Зголемување по основ на:** | **1.512.794** | **13.610** | **1.526.404** |
| Набавки | 122.221 | 13.610 | **135.831** |
| Ревреднување | 200.848 | | **200.848** |
| Основачки влог-фондација | 310 | | **310** |
| Ревалоризација на капитални средства | 1.189.415 | | **1.189.415** |
| | | | |
| **Намалување по основ на:** | **261.019** | **13.212** | **274.231** |
| Отпис | - | 3.039 | **3.039** |
| Расходување | 15 | 10.173 | **10.188** |
| Амортизација за 2021 | 101.356 | | **101.356** |
| Ревалоризација на исправка | 159.648 | | **159.648** |
| | | | |
| **Состојба 31.12.2021 година** | **12.128.318** | **7.658** | **12.135.976** |

ГРАД СКОПЈЕ

MQS
Partner of Quality Austria
Сертифициран систем според
ISO 9001:2015 Бр. Q-1110/

Бул. Илинден 82
1000 Скопје
www.skopje.gov.mk

тел: 02/ 3 297 274

**До**
**Државен завод за ревизија**
**ул.Павел Шатев бр.2**
**Палата „Емануел Чучков“**
**1000 Скопје**

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА - REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА
ENTI SHTETËROR I REVIZIONIT
СКОПЈЕ-SHKUP

| Примено: Pranuar më: | 14.11.2022 | | |
|---|---|---|---|
| Орг. Един. Nj. org. | Број Nr. | Прилог Shtojcë | Вредност: Vlera: |
| | 16-131/24 | | |

**Наш број:** 09-12960/1
11.11.2022 година
Скопје
**Ваш број:** 16-131/22
10.10.2022 година

**ПРЕДМЕТ:** Забелешки по нацрт извештаи за 2021 година

Во врска со доставените Нацрт извештаи на Овластениот државен ревизор за извршена ревизија на финансиските извештаи и ревизија на усогласеност во Град Скопје за 2021 година и тоа на сметката за основен буџет (630), сметката за основен буџет (637), сметката на приходи на буџет на дотации (930) и сметката на расходи на буџет на дотации (937), Град Скопје ги дава следните забелешки:

По однос на наведеното во **точка 3.2.10.** од Нацрт извештајот за сметката за основен буџет **(630)**, а која се однесува на Правилникот за систематизација на работните места во Град Скопје дека не ги предвидува посебните услови кои треба да ги исполнуваат ревизорите согласно членовите 35 и 36 од Законот за јавната внатрешна финансиска контрола, ве известуваме дека направен е обид, односно до Министерството за информатичко општество и администрација доставен е на согласност Правилник за изменување и дополнување на Правилникот за систематизација на работните места во Град Скопје бр.08-5330/4 од 13.07.2022 година, којшто ви го доставуваме во прилог. Во овој правилник, во членот 7 се предвидени условите кои треба да ги исполнува Раководителот на Секторот за внатрешна ревизија, согласно Законот за јавна внатрешна финансиска контрола. Во врска со правилникот, на ден 28.10.2022 година од Министерството за информатичко општество и администрација добивме **Укажување** 09-2861/8 од 21.10.2022 година, кое што ви го доставуваме во прилог.

Во врска со наведеното во **точка 3.1.1.** од Нацрт извештајот за сметката на расходи на буџет на дотации **(937)**, а која се однесува на договорите за бесплатен превоз на ученици склучени меѓу Град Скопје и ЈСП, ве известуваме дека истите **се склучуваат за учебна година** врз основа на средства предвидени во две буџетски години. Оттука Договорот бр.08-7658/1 од 05.10.2020 година и Анекс на договор 2 со бр.08-7658/3 од 01.02.2021 година се однесуваат за организирање на превоз за месеците септември, октомври, ноември и декември 2020 година и јануари-јуни 2021 година. Договорените обврски Градот Скопје за учебната 2020/2021 имал обврска да ги подмири со истекот на буџетската 2021 година, поради што средствата во висина од 91.629 илјади денари се исплатени во 2021 година.

Во врска со наведеното во **точка 4.1**. од Нацрт извештајот за сметката на расходи на буџет на дотации **(937)**, а која се однесува дека не е испочитуван утврдениот минимум на вработени професионални пожарникари со Законот за пожарникарството, ве известуваме дека Град Скопје прави константни напори за зголемување на бројот на професионалните пожарникари со оглед на одливот што се случува поради нивно заминување во пензија. Имено, на ден 28.02.2022 година до Министерството за одбрана доставено е Барање да ни дадат согласност за вработување на 25 нови пожарникари. Во врска со ова барање на ден 05.04.2022 година и на ден 08.06.2022 година до истото министерство доставени се и ургенции. На ден 06.07.2022 година од Министерството за одбрана доставено е известување дека по нашето барање ќе биде постапено по спроведувањето на ребалансот на буџетот. Истото ви го доставуваме во прилог во фотокопија. Во прилог ви се доставуваат и барањето и ургенциите до Министерството за одбрана. Во контекст на ова ве известуваме и дека во 2021 година вработени се 20 професионални пожарникари.

Со почит,

**ГРАД СКОПЈЕ**
**Секретар**

**Зоран Глигоров**

(937) 4.1

ГРАД СКОПЈЕ - QYTETI I SI
СКОПЈЕ-SHKU
Примено: / E pranuar: 05.07
08-2080/6

Република Северна Македонија
**Министерство за одбрана**

Бр. 14/5-72/68
Дата 29.06.2022

До: Град Скопје

Република Северна Мак
Министерство за одбран
ул. Орце Николов, бр 116
1000 Скопје,
Република Северна Мак
Тел. (02) 32822 36
Факс. (02) 328......
minister@mod.gov.mk
Сајт: www.mod.gov.mk

Предмет: Известување, доставува.-
Врска: Ваш акт бр.08-2080/5 од 08.06.2022 година

Почитувани,

Во врска со вашето барање за зголемување на наменската дотација за плати и надоместоци на плати, ве известуваме по следното:
По донесување на Законот за измена и дополна на Законот за минимална плата, во Министерството за одбрана пристигнаа повеќе барања од општините со речиси идентични барања (недостиг на средства по основ на зголемување на минималната плата) со што во МО беше заземен ставот сите овие барања да се решат системски, со единствен став.
Со оваа материја се запознаени и повисоките авторитети, а во насока на одговор на барањата на општините се побараа податоци од сите 34 општини да се изјаснат за недостигот на средства до крајот на годината, по наведениот основ.
Со оглед на тоа што Вашето барање е пристигнато, Ве известуваме дека по истото ќе биде постапено по спроведување на ребалансот, кој моментално е во собраниска процедура. Министерството за одбрана ќе изврши анализи на сите барања од општините и по донесување на конечна одлука и носоки од највисоките авторитети, за истото ќе бидете информирани.

Со почит,

Изработил: Сања Костадинова
Одобрил: Сузана Симовска

Сектор за финансии
По овластување раководител
Цвета Симевска

Доставено до: (за информирање)
- Државен секретар
- СЦВС

1937/4.1

**ГРАД СКОПЈЕ**
ГРАДОНАЧАЛНИК

MQS
Partner of Quality Austria
Сертифициран систем според
ISO 9001:2015 Бр. Q-1110/0

Бул. Илинден 82
1000 Скопје
www.skopje.gov.mk,
тел: 02/ 3 297 204

Наш број: 08-2230/1
28. 02. 2022

Република Северна Македонија / Republika e Maqedonisë së Veriut
МИНИСТЕРСТВО ЗА ОДБРАНА
MINISTRIA E MBROJTJES
Скопје-Shkup
28-02-2022

**До: Република Северна Македонија**
**Министерство за одбрана**

**Предмет:** Барање

**Почитувани,**

Територијалната противпожарна единица на Град Скопје – Бригада за противпожарна заштита на Град Скопје (БППЗ), како организациона единица на Градот Скопје, со своето делување освен подрачјето на општините во Град Скопје го покрива и поширокото подрачје на градот, односно подрачјето на општините Петровец, Илинден, Арачиново, Чучер-Сандево, Сопиште, Студеничани и Зелениково, а при големи пожари истата дејствува и како противпожарна единица на подрачјето на целата држава. Таа во моментов брои 202 пожарникари иако предвидениот законски минимум е 384 пожарникари на територијата на градот Скопје.

Во изминатиот период, поради континуираниот природен одлив на вработени (пензионирања и заминување по други основи), Бригадата за противпожарна заштита на Град Скопје се соочува со постојан недостиг на кадар. Нејзината екипираност е од големо значење за целокупното функционирање на Град Скопје и за безбедноста и заштитата на граѓаните на градот Скопје и пошироко.

Со цел извршување на надлежноста од јавен интерес од локално значење - противпожарна заштита на подрачјето на градот Скопје, согласно Законот за градот Скопје, која надлежност се финансира со дотација, согласно Законот за финансирање на единиците за локалната самоуправа, бараме од Вас како надлежно министерство да ни дадете согласност за вработување на 25 нови пожарникари чие вработување е предвидено во Годишниот план за вработување на Град Скопје за 2022 година.

Исто така бараме да се обезбедат дополнителни финансиски средства за уште 10 нови вработувања кои произлегуваат од проектот на Центарот за управување со кризи за имплементација на единствениот повикувачки број за итни служби Е-112 со кој е опфатена и Бригадата за противпожарна заштита на Град Скопје, со што се наметна потребата од дополнително екипирање на единицата со нови вработени кои би работеле на работни места кои ги предвидува самиот проект.

Истовремено, Ве известуваме дека согласно измените во Законот за минимална плата (која има влијание на висината на платата на пожарникарите согласно член 13 од Законот за пожарникарството), Законот за работните односи (плаќање за работа во ден на неделен одмор - недела) како и другите додатоци на плата ( ноќна работа, работа во смени, прекувремена работа, работа во празник и др.) се јавува недостиг на средства од дотација за исплата на плата за постоечките 202 вработени. Во тој контекст висината на дотацијата за плати за вработените во Бригадата за противпожарна заштита во месец февруари за месец јануари изнесува 11.066.667.00

противпожарна заштита во месец февруари за месец јануари изнесува 12.552.821,00 денари. Основна плата на работното место пожарникар–спасител изнесува 24.519,00 денари и истата претставува основица на сите други плати по работни места во БППЗ и додатоци на плата.

Заради горенаведеното бараме од Вас да ни дадете согласност за новите вработувања како и да ни излезете во пресрет на нашето барање за зголемување на износот на постојната дотацијата.

**Со почит,**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**ГРАД СКОПЈЕ**
**Данела Арсовска**



(937) 4.1

**ГРАД СКОПЈЕ**
ГРАДОНАЧАЛНИК

MQS
Partner of Quality Austria
Сертифициран систем според
ISO 9001:2015 Бр. Q-1110/0

Бул. Илинден 82
1000 Скопје
www.skopje.gov.mk.

тел: 02/ 3 297 204

**Наш број:** 08-2080/
05. 04. 2022

**До: Република Северна Македонија**
**Министерство за одбрана**

Република Северна Македонија
Republika e Maqedonisë së Veriut
МИНИСТЕРСТВО ЗА ОДБРАНА
MINISTRIA E MBROJTJES
Скопје-Shkup
Примено/Pranuar: 05-04-2022

**Предмет**: Ургенција

**Почитувани,**

Во врска со наш допис бр. 08-2080/1 од 20.02.2022 година би сакале уште еднаш да В укажеме на состојбата за која се обративме до вас и за кој до денес сеуште немаме добиено одговор а се однесува на пренесената надлежност на Територијалната противпожарна единица на Град Скопје- Бригада за противпожарна заштита на Град Скопје (БППЗ) нејзината финансиската состојба и недостиг на број на вработени.

Финансиската состојба е имплицирана со законските измени кои произлегуваат од Законот за минимална плата со кој се зголемува минималната плата на 18.000 денари и Законот за работни односи за ноќната работа и работа во недела. Согласно нашите проекции доколку остане не променет бројот на вработени, во овие услови со пресметка на платите за време на празниците кои следат до крајот на годината, за цела 2022 година ќе се јави недостиг на средства во износ од околу 5.000.000,00 денари.

Воедно уште еднаш ја нагласуваме потребата за вработување на 25 пожарникари, како и 10 вработени кои произлегуваат од проектот во Центарот за управување со кризи. Проекциите за нивната плата за 7 месеци изнесуваат околу 13.000.000 денари. Со што вкупниот недостиг за 2022 година во дотацијата ќе изнесува 18.000.000 денари.

Поради горенаведеното, како и образложението кое веќе ви го доставивме, уште еднаш бараме да ни дадете согласност за новите вработувања и соодветно да ја зголемите дотација за 2022 година за исплата на платите во БППЗ, а со цел непречено и квалитетно спроведување на пренесените надлежности во областа на противпожарна заштита.

**Со почит,**

Прилог:
-Допис (копија) број 08-2080/1 од 20.02.2022

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**ГРАД СКОПЈЕ**
**Данела Арсовска**

.(937) 4.1

ГРАД СКОПЈЕ
ГРАДОНАЧАЛНИК

MQS
Partner of Quality Austria
Сертифициран систем според
ISO 9001:2015 Бр. Q-1110/0

Бул. Илинден 82
1000 Скопје
www.skopje.gov.mk.

тел: 02/ 3 297 204

**До: Република Северна Македонија**
**Министерство за одбрана**

**Предмет:** Ургенција

**Наш број:** 08-2080
08. 06. 2022

**Почитувани,**

Во врска со допис бр. 08-2080/1 од 28.02.2022 година до Вас како надлежно Министерство преку кое се извршува одобрување на дотацијата за пренесената надлежност во областа на противпожарната заштита на територијата на Град Скопје, бараме согласност за вработување на 25 пожарникари и 10 нови вработени во Центарот за управување со кризи, како и соодветно зголемување на дотацијата, но до денес немаме добиено одговор. Со дописот детално е објаснета состојбата со моменталниот број на вработени наспроти законските рамки со кои се предвидува минимум 184 пожарникари повеќе од моменталната состојба. Потоа објаснето е целосно влијанието на законските измени во Законот за минимална плата и Законот за работните односи при исплата на плата и додатоци на плата за вработените во Територијалната противпожарана единица на Град Скопје- Бригада за противпожарна заштита на Град Скопје (БППЗ)

Со допис бр. 08-2080/2 од 05.04.2022 година, ви укажуваме на потребата од вработување на 25 пожарникари и 10 нови вработени во Центарот за управување со кризи и повторно ви ја образложивме финансиската состојба односно недостигот што се јавува во висината на дотација, која ги покрива платите и додатоците на плата за вработените во БППЗ. Во дописот ве информиравме дека недостигот за моменталниот број на вработени до крај на 2022 година ќе изнесува 5.000.000 денари. Исто така образложивме дека доколку се вработат неопходните 25 пожарникари како и 10 вработени кои произлегуваат од проектот на Центарот за управување со кризи, вкупниот недостиг за 2022 би бил 18.000.000 денари.

Со овој допис ја потенцираме итноста на состојбата и сакаме да напомeнеме дека пресметаната и исплатената плата во потпрограмата Ѕ0- противпожарна заштита за месец 05/2022 година изнесува 11.625.112 денари, додека месечната дотација која ни ја одобрувате изнесува 11.066.667 денари. При што само овој месец се јавува недостиг од 558.445 денари (за 200 вработени).

Ве молиме во најкраток рок да ги разгледате нашите барања за зголемување на дотацијата и благовремено да реагирате како би можело квалитетно, навремено и непречено да се извршува дејноста во областа на противпожарната заштита.

**ПРИЛОГ:** копија од допис бр 08-2080/1 од 28.02.2022 година и бр.08-2080/2 од 05.04.2022 година.

**Со почит,**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**ГРАД СКОПЈЕ**
**Данела Арсовска**

(630) 3.2.10

Република Северна Македонија

**Министерство за информатичко општество и администрација**

Republika e Maqedonisë së Veriut

**Ministria e Shoqërisë Informatike dhe Administratës**

ГРАД СКОПЈЕ - QYTETI I SHKUP
Примено / E pranuar: 28.10
| Единица Njësi org | Број Numër | Прилог Shtesë | Вре... |
|---|---|---|---|
| | К-30-10403 | | |

**До: Град Скопје**
**Архивски број: 09-2861/** 8
**Датум:** 21.10.22

**Drejtuar: Qytetit të Shkupit**
**Numri i arkivit: 09-2861/**
**Data:**

## УКАЖУВАЊЕ

До Министерството за информатичко општество и администрација доставено е Барање со архивски број 30-10403/1 од 06.09.2022, во врска со Правилникот за изменување и дополнување на Правилникот за систематизација на работните места во Град Скопје со архивски број 08-5530/4 од 13.07.2022 година.

Министерството за информатичко општество и администрација го разгледа вашето Барање под горенаведениот број и датум, и ве известува за следново:

За работното место со реден број 77, звање и назив на работно место: Раководител на Сектор за локален економски развој, во делот вид на образование, наведеното научно поле: Образование, не е соодветен вид на образование за ова работно место.

За работното место со реден број 360, звање и назив на работно место: Помошник раководител на Сектор-Инспекторат на Град Скопје-Помошник главен инспектор, во делот вид на образование, научното поле: социјална работа и социјална политика, не е соодветен вид на образование за ова работно место, согласно надлежностите на овој сектор пропишани во Одлуката за внатрешна организација на Градот Скопје.

За работното место со реден број 391, со назив и звање на работно место: Раководител на Сектор за внатрешна ревизија, во делот вид на образование, наведено е: Високо образование, без притоа да биде прецизирано научно поле за ова работно место, согласно одредбите на Правилникот за содржината и начинот на подготовка на актите за внатрешна организација и систематизација на работните места . Во делот други посебни услови се ставаат сертификати или дополнителни лиценци кои што се потребни за извршување на работните задачи и обврски, кои притоа **не се наведени на некое друго место**, согласно членот 17 став (7) од Правилникот за содржината и начинот на

## SUGJERIM

Pranë Ministrisë së Shoqërisë Informatike dhe Administratës, është dorëzuar kërkesë me numër arivi 30-10403/1 të datës 06.09.2022, në lidhje me Rregulloren për ndryshimin dhe plotësimin e Rregullores për sistematizimin e vendeve të punës në Qytetin e Shkupit me numër arkivi 08-5530/4 të datës 13.07.2022.

Ministria e Shoqërisë Informatike dhe Administratës e ka shqyrtuar Kërkesën tuaj sipas numrit dhe datës së shënuar më lart, dhe ju njofton siç vijon

Për vendin e punës me numër rendor 77, titullin dhe emërimin e vendit të punës: Udhëheqës i Sektorit për Zhvillim Ekonomik Lokal, në pjesën lloji i arsimit, fusha e theksuar shkencore: Arsimi, nuk është lloj përshtatshëm i arsimimit për këtë vend pune.

Për vendin e punës me numër rendor 360, titullin dhe emërtimin e vendit të punës: Ndihmës Udhëheqës Sektori-inspektor i qytetit të Shkupit-ndihmës kryeinspektor, në pjesën lloji i arsimit, fusha shkencore: punë sociale dhe politikë sociale, nuk është lloj përshtatshëm i arsimimit për këtë vend pune, sipas kompetencave të këtij sektori të përcaktuara me Vendimin për organizimin e brendshëm të Qytetit të Shkupit.

Për vendin e punës me numër rendor 391, me titull dhe emërtim të vendit të punës: Udhëheqës i Sektorit për Auditimit të Brendshëm, në pjesëm lloji i arsimit, thuhet: Arsimi i lartë, pa specifikuar fushën shkencore për këtë vend pune, në përputhje me dispozitat e Rregullores për përmbajtjen dhe mënyrën e përgatitjes së akteve për organizimin e brendshëm dhe sistematizimin e vendeve të punës. Në pjesën kushte të tjera të veçanta, vendosen certifikata ose licenca shtesë që janë të nevojshme për kryerjen e detyrave dhe detyrimeve të punës, të cilat nuk janë të përcaktuara diku tjetër, në përputhje me nenin 17 paragrafi (7) të Rregullores për përmbajtjen dhe mënyrën e përgatitjes së akteve për organizimin e


Министерство за информатичко општество и администрацијана
Република Северна Македонија
Ministria e Shoqërisë Informatike
Ул. „св. Кирил и Методиј" бр. 54, Скопје
Република Северна Македонија
Rr. „Shën. Kirili dhe Metodi" nr. 54, Shkup
Republika e MaqedonisësëVeriut
+389 2 320 0874
www.mioa.gov.mk

подготовка на актите за внатрешна организација и систематизација на работните места .

Воедно Ве информираме дека Министерството за информатичко општество и администрација дава согласности врз основа на Законот за административни службеници, Законот за вработените во јавниот сектор, Правилникот за содржината и начинот на подготовката на актите за внатрешна организација и систематизација на работните места како и содржината на функционалната анализа на институциите од јавниот сектор и Каталогот на работни места во јавниот сектор.

Со оглед дека се работи за укажувања кои се дадени по пат на телефонска комуникација, Ве молам горенаведениот Правилник да се достави на увид до Министерството за информатичко општество и администрација.

Со почит.

brendshëm dhe sistematizimin e vendeve të punës.

Njëkohësisht ju informojmë se Ministria e Shoqërisë Informatike dhe Administratës jep pëlqim në bazë të Ligjit për Nëpunësit Administrativë, Ligjit për të punësuarit në Sektorin Publik, Rregullores për përmbajtjen dhe mënyrën e përgatitjes së akteve për organizimin e brendshëm dhe sistematizimin e vendeve të punës, si dhe Përmbajtja e Analizës Funksionale të institucioneve të sektorit publik dhe Katalogut të vendeve të punës në sektorin publik.

Duke pasur parasysh se bëhet fjalë për sugjerime të dhëna përmes komunikimit telefonik, Ju lutem Rregullorja e mësipërme të dorëzohet për mbikqyrje në Ministrinë e Shoqërisë Informatike dhe Administratës.

Me respekt,

**Министер за информатичко општество и администрација**
**Ministër i Shoqërisë Informatike dhe Administratës**
**Mr. Admirim Aliti**

Подготвил / Përpiloi/ Селма Хаџиќ
Превел / Përktheu: Jusuf Zendeli



Министерство за информатичко општество и администрацијана
Република Северна Македонија
Ministria e Shoqërisë Informatike dheAdministratës

Ул. „св. Кирил и Методиј“ бр. 54, Скопје
Република Северна Македонија
Rr. „Shën. Kirili dhe Metodi“ nr. 54, Shkup
Republika e MaqedonisësëVeriut

+389 2 320 0874
www.mioa.gov.mk

(630) 3.2.10

Врз основа на член 17 став (7) од Законот за вработените во јавниот сектор („Службен весник на Република Македонија" бр. 27/14, 199/14, 27/16, 35/2018 и 198/2018 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр.143/19 и 14/2020), Градоначалникот на Град Скопје, донесе

**ПРАВИЛНИК**
**за изменување и дополнување на Правилникот за систематизација на работните места во Град Скопје**

ГРАД СКОПЈЕ QYTETI I SHKUPIT 08-5530/4 13. 07. 2022

### Член 1

Со овој правилник се врши изменување на Правилникот за систематизација на работните места во Град Скопје број 08-9664/1 од 10.12.2020 година, Правилник за изменување и дополнување на Правилникот за систематизација на работните места во Град Скопје број 08-9664/4 од 15.01.2021 година, Правилник за изменување на Правилникот за систематизација на работните места во Град Скопје места во Град Скопје, број 08-9664/8 од 03.02.2021 година, Правилник за изменување и дополнување на Правилникот за систематизација на работните места во Град Скопје број 08-9664/11 од 11.02.2021 година, Правилник за изменување на Правилникот за систематизација на работните места во Град Скопје места во Град Скопје, број 08-9664/14 од 18.03.2021 година, Правилник за изменување на Правилникот за систематизација на работните места во Град Скопје места во Град Скопје, број 08-9664/18 од 23.04.2021 година, Правилник за изменување на Правилникот за систематизација на работните места во Град Скопје места во Град Скопје, број 08-9664/20 од 21.05.2021 година, Правилник за изменување на Правилникот за систематизација на работните места во Град Скопје места во Град Скопје, број 08-9664/23 од 15.06.2021 година, Правилник за изменување на Правилникот за систематизација на работните места во Град Скопје места во Град Скопје, број 08-9664/28 од 29.07.2021 година, Правилник за изменување на Правилникот за систематизација на работните места во Град Скопје места во Град Скопје, број 08-9664/33 од 04.11.2021 година, Правилник за изменување и дополнување на Правилникот за систематизација на работните места во Град Скопје места во Град Скопје, 08-11037/1 од 07.12.2021 година , Правилник за изменување на Правилникот за систематизација на работните места во Град Скопје места во Град Скопје, 08-1882/1 од 21.02.2022 година, Правилник за изменување на Правилникот за систематизација на работните места во Град Скопје места во Град Скопје, 08-1882/3 од 04.05.2022 година и Правилник за изменување на Правилникот за систематизација на работните места во Град Скопје места во Град Скопје, 08-5530/1 од 12.05.2022 година.

### Член 2

Во глава VI. ТАБЕЛАРЕН ПРИКАЗ НА РАБОТНИТЕ МЕСТА ВО ГРАД СКОПЈЕ, во точка 5. Сектор за локален економски развој, во работното место со реден број 77 со звање: Раководител на Сектор, назив на работно место: Раководител на Сектор за локален економски развој делот Вид на образование се менува и гласи: **,,економски науки или туризам и угостителство или образование"**.

### Член 3

Во глава VI. ТАБЕЛАРЕН ПРИКАЗ НА РАБОТНИТЕ МЕСТА ВО ГРАД СКОПЈЕ, во точка 7. Сектор комунални работи, потточка 7.2 Одделение за комунални работи од областа на комуналната хигиена и за други комунални работи во работното место со реден број 141 со звање: Раководител на одделение, назив на работно место Раководител на Одделение за комунални работи од областа на комуналната хигиена и за други комунални работи, делот Вид на образование се менува и гласи: **„шумарство и хортикулура или машинство“.**

### Член 4

Во глава VI. ТАБЕЛАРЕН ПРИКАЗ НА РАБОТНИТЕ МЕСТА ВО ГРАД СКОПЈЕ, во точка 7. Сектор комунални работи, потточка 7.2 Одделение за комунални работи од областа на комуналната хигиена и за други комунални работи во работното место со реден број 142 со звање: Советник, назив на работно место: Советник за комуналната хигиена и за други комунални работи, во делот Вид на образование по зборовите животна средина се додаваат и зборовите: **„или географија“.**

### Член 5

Во глава VI. ТАБЕЛАРЕН ПРИКАЗ НА РАБОТНИТЕ МЕСТА ВО ГРАД СКОПЈЕ, во точка 7. Сектор комунални работи, потточка 7.2 Одделение за комунални работи од областа на комуналната хигиена и за други комунални работи во работното место со реден број 145 со звање: Самостоен референт, назив на работно место: Самостоен референт за документација, делот Вид на образование се менува и гласи: **„вишо или средно гимназиско или средно стручно образование“.**

### Член 6

Во глава VI. ТАБЕЛАРЕН ПРИКАЗ НА РАБОТНИТЕ МЕСТА ВО ГРАД СКОПЈЕ, во точка 18. Сектор - Инспекторат на Градот Скопје, во работното место со реден број 360. со звање: Помошник раководител на сектор, назив на работно место: Помошник раководител на Сектор - Инспекторат на Градот Скопје - Помошник главен инспектор, во делот Вид на образование по зборовите „растително производство“ се додаваат зборовите: **„или социјална работа и социјална политика“.**

### Член 7

Во глава VI. ТАБЕЛАРЕН ПРИКАЗ НА РАБОТНИТЕ МЕСТА ВО ГРАД СКОПЈЕ, во точка 19. Сектор за внатрешна ревизија, во работното место со реден број 391, со звање: Раководител на сектор, назив на работно место: Раководител на Сектор за внатрешна ревизија, делот Одговара пред се менува и гласи: **„градоначалник“**, делот Вид на образование се менува и гласи: **„високо образование“**, а делот Други посебни услови се дополнува и гласи:
„работно искуство од најмалку три години во внатрешната или надворешната ревизија.
завршена обука и положен испит за овластен внатрешен ревизор во јавниот сектор според Програма за полагање на испит за овластен внатрешен ревизор или меѓународно признаен ревизорски сертификат согласно Закон за јавна внатрешна финансиска контрола“.

**Член 8**

Овој правилник влегува во сила со денот на неговото објавување на огласната табла на Град Скопје, а ќе се применува по добиена писмена согласност од Министерството за информатичко општество и администрација.

ГРАД СКОПЈЕ
ГРАДОНАЧАЛНИК

Данела Арсовска

Број
______________ година
Скопје

Одговор
на забелешки на
Нацрт извештај на Овластениот државен ревизор

На ден 14.11.2022 година добиени се забелешки на Нацрт извештаите за извршената ревизија на финансиските извештаи и ревизија на усогласеност на Град Скопје број 09-12960/1 од 11.11.2022 година, не е од одговорното лице, градоначалник на Град Скопје г-ѓа Данела Арсовска, туку од г-дин Зоран Глигоров, секретар на Град Скопје, заведени во Државниот завод за ревизија под број 16-131/24 од 14.11.2022 година.

Во функцијата на транспарентноста во постапката и во интерес на веродостојноста и утврдување на фактичката состојба, забелешките се разгледани од страна на Овластениот државен ревизор и констатирано е следното:

## Сметка на основен буџет (630)

1. Забелешката на констатираната состојба **во точката 3.2.10.** која се однесува на слабости во поставеноста на внатрешната ревизија поради непредвидени посебни услови кои треба да ги исполнуваат раководителот на единицата за внатрешна ревизија, овластените внатрешни ревизори и внатрешните ревизори, **претставува известување** за преземени активности во насока на надминување на утврдените состојби. Во прилог доставен е Правилник за изменување и дополнување на Правилникот за систематизација на работните места во Град Скопје бр. 08-5330/4 од 13.07.2022 година и Укажување бр.09-2861/8 од 21.10.2022 година од страна на Министерството за информатичко општество, по однос на истиот.

## Сметка на расходи на буџет на дотации (937)

2. Забелешката на констатираната состојба **во точката 3.1.1.** која се однесува на спроведување на надлежностите доделени на ЈСП Скопје, за активности од претходна календарска/буџетска година, без истите да бидат предвидени како преземени обврски во програмата за 2021 година, **не се прифаќа,** поради не доставени дополнителни докази кои влијаат на утврдената состојба. Забелешката дека по Договор и Анекс на договор[1] за организирање на бесплатен превоз на средношколци за учебната 2020/2021 година, градот ги платил обврските во текот на 2021 година, ревизијата го имаше во предвид и е соодветно обелоденето, но не ја менува состојбата дека преземените обврски од претходна година не се предвидени во програмата од областа на средното

[1] Договор со бр. 08-7658/1 од 05.10.2020 година и Анекс на договор 2 со бр. 08-7658/3 од 01.02.2021 година

образование и договорите за 2021 година, со што не се испочитувани одредбите од член 5 и 7 од Законот за буџетите[2].

3. Забелешката на констатиранaта состојба **во точката 4.1.** во делот на Останати прашања, а која се однесува на недоволниот број вработени професионални пожарникари од законски утврдениот минимум, **претставува известување** за преземени активности за зголемување на бројот на професионални пожарникари поради нивно заминување во пензија. Согласно Законот за државна ревизија, Ревизорските стандарди на Врховните ревизорски институции (ISSAI), методологијата, правилниците и упатствата за вршење на ревизија од Државниот завод за ревизија, ревизорот укажува на потребата од зголемување на наменската дотација за ТППЕ, со цел нејзино ефикасно оперативно функционирање и истото не влијае на ревизорското мислење.

[2] („Сл. весник на РМ“ бр. 64/05, 4/08, 103/08, 156/09, 95/10, 180/11,171/12, 192/15 и 167/16 и „Сл. весник на РСМ“ бр. 151/21)